# ВОВЕД КОН ДЕЛОТ „ЛИЧНОСТИ ОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА“




***Почитувани читатели на порталот „Политекон“,***

Имаме големо задоволство и особена чест дека во Воведот од овој дел на „**Политекон**“ ќе претставиме педесетина познати и признати личности и обични смртници, како дел од националното, духовното, културното, црковното и семакедонското живеење во дијаспората и во етничка Македонија, а кои имаат потекло од Беломорска Македонија. Сите тие личности со нивната вера, љубов и надеж, со нивниот христијански дух се дел од од минатото, сегашноста и иднината на вистина и трагичната судбина на Македонците во Беломорска Македонија.

Сите тие заложници на Македонија и поборници на подобрата иднина на судбината на човештвото кои со љубов се посветени на дедовскиот праг во Егејска Македонија како дел од етничка Македонија која денес е во состав на Република Грција, се сеќаваат, се радуваат, тагуваат и го споменуваат нивниот роден крај или местот на нивните претци кои го напуштиле за на век. Сите тие посветени и честити Македонци имаат големи заслуги во зачувувањето и пренесувањето на вистината на идните генерации кои се запознаваат со историската вистина за Егејска Македонија

Нивната родна земја или земјата на нивното потекло - Егејсла Македонија, според површина претставува најголем регион во денешна Република Грција, а втор регион

според бројот на населението. Грците овој нов дел добиен со Букурешкиот договор во 1913 година, го нарекуваат едноставно *Македонија* (грчки: *Μακεδονία*), бидејќи сметаат дека тоа е единствениот ентитет кој има право да го носи името *Македонија*. Ова е и една од причините за грчко-македонскиот спор околу името на Република Македонија.




*Лерин*



*Воден*

Инаку, според документите за создавањето на современата грчка држава се вели дека таа таа се темели врз резултат на Револуцијата од 1821 година. Во 1832 година, грчката кралска круна на Баварскиот монарх и прв грчки крал Ото не беше нешто што се посакуваше како нужна потреба, туку како нужда, наметната од надвор. Тогаш германскиот грчки монарх се востоличи во Атина, новата престолнина на грчката држава.

Егејска Македонија зафаќа околу 34.356 km² или околу 51% од територијата на географско-историската целост Македонија. Според актуелната административна поделба на Република Грција, Егејска Македонија е поделена на три покраини, кои се нарекуваат: Западна Македонија, Централна Македонија, и Источна Македонија и Тракија. Најголем град во Егејска Македонија е Солун. Тој е седиште на Централна Македонија..

На територијата на Егејска Македонија, како и на целата територија на Македонија, население имало уште од старото камено време. Доказ за тоа се пронајдоците во пештерата Камено Гумно (Петралона) на Халкидичкиот полуостров. Уште од раните времиња на антиката, Егејска Македонија била дел на Античка Македонија позната како Долна Македонија. На територијата на Егејска Македонија се наоѓале и македонските кралски престолнини Пела и Ајга.

Во периодот на христијанството токму на брегот на Егејското Море во Егејска

Македонија била покрстена првата Македонка Лидија, а низ Егејска Македонија пропатувал и апостол Павле каде што ги образувал првите христијански црковни општини во Македонија и Европа воопшто.

Браќата Кирил и Методиј ќе ја создадат словенската азбука глаголица врз основа на македонските говори од Солунско. Во средновековниот период територијата на Егејска Македонија, покрај под византиска власт, ќе влезе и во составот на државите на неколку балкански феудалци се' до потпаѓањето под турската власт.

Во Отоманскиот период на владеење на територијата на Егејска Македонија ќе се случи најпрвин Негушкото востание во 1828 година, а свој силен одглас ќе има Илинденското востание особено во западните краишта.

По Балканските војни, според Букурешкиот мировен договор од 1913 година, територијата на Егејска Македонија и се доделува на Грција и од тогаш започнува најтешкиот момент во историјата за македонското население на овие простори.

Со бескрупулозни и насилни методи во периодот 1913 - 1922 година грчките власти ќе спроведат колонизаторска политика врз Македонците со што ќе го сменат етничкиот карактер на целата област.

За време на Граѓанската војна во Грција (1945-1949) дури 14.000 Македонци ќе застанат да се борат во редовите на ДАГ, но тоа ќе се одрази уште покатастрофално врз Македонците со нов бран на насилни протерувања, ѕверски убиства и мачења од страна на грчките монархо-фашистички власти.



*Костур*



*Солун*

Егејска Македонија денес има околу 2.200.000 жители. Точниот број на лицата што се декларираат себе си како етнички Македонци не е познат, бидејќи при спроведувањето на пописите, не постои графа за националност со наслов Македонци.

Според повеќе изјави на раководителите на македонската партија Виножито

бројката на Македонците во Грција се движи до 400.000 луѓе. Сепак поради големите рестриктивни и агресивни асимилациони и денационализаторски мерки кои биле преземани врз Македонците од страна на грчките власти во минатото.

Најголем број на Македонци живеат во западните и северозападните делови на Егејска Македонија во градовите Лерин, Воден, Костур и нивните околни села. Генерално кажано, грчката влада не признава постоење на македонско малцинство во Грција и поради ова често пати е цел на критики од страна на повеќе странски организации меѓу кои и Хелсиншкиот Комитет.

Во Егејска Македонија не постои образование на македонски јазик, а обидите да се создаде Македонски културен центар во Воден, биле спречени од страна на грчката администрација.

Во 2006 година во Атина и Солун беше промовирано повторното издание „Абецедарот“ на современата македонска азбука и јазик, кој за прв пат бил испечатен во 1925 година од страна на грчката влада, што е чекор напред во подобрувањето на малцинските права на Македонците во Егејска Македонија и Грција воопшто.






Во најново време во јули 2007 македонскиот национален фолклорен ансамбл „Танец“ одржа турнеја низ повеќе места во Егејска Македонија како што се Кајљарско, Мегленско и Леринско, на големо воодушевување и задоволство на тамошните жители Македонци. Оваа турнеја своевидно претставува и прв културен контакт на Македонците од Република Македонија со своите сонародници Македонци.

Македонците во Егејска Македонија се организирани во партијата Виножито со седиште во Лерин, и покрај острите репресии од страна на грчките власти. Партијата на

Македонците во Егејска Македонија активно се бори за малцинските права на Македонците во Грција преку разни протести во Европскиот парламент и до европските институции и во внатрешниот политички живот на Грција.

Во ова прилика за читателите на порталот „Политекон“ ќе претставиме познати Македонци од Егејска Македонијаи тоа:

Александар Македонски - роден во Пела (Постол) во 356 година п.н.е., најпознатиот антично-македонски крал кој го проширил македонското кралство до Индија и Египет.

Крсте Петков Мисирков - роден во с.Постол (Пела) Воденско во 1885 година, најголем македонски национален идеолог, борец за македонската национална самобитност и основоположник на македонскиот литературен јазик.

Гоце Делчев - роден во Кукуш во 1872 година, најголем македонски револуционер и идеолог на македонското национално-ослободително револуционерно движење.

Димитар Влахов - роден во Кукуш во 1878 година, познат македонски национален деец, политичар и државник, еден од основачите на ВМРО (Обединета).

Митрополит Теодосиј Гологанов - роден во Трлис, Серско, македонски национален деец и голем поборник за обновување на Охридската архиепископија и за создавање на македонска национална држава.

Богоја Фотев - роден во селото Герман, во Долна Преспа на 14 август 1900 година. Тој беше револуционер и претседател на Президиумот на АСНОМ. На Првото заседание на АСНОМ (2 август 1944) бил избран за член на Президиумот на АСНОМ и за прв повереник за финансии

Лазо Ангеловски - роден во село Граждено, во Долна Преспа на 10 август 1925 година. Тој е е деец на македонското национално движење. Еден од организаторите на македонската просвета во Егејска Македонија во периодот на Граѓанската војна во Грција (1946–1949).. На 19 август 1948 година, бил фатен, мачен и осуден на смрт и стрелан во Лерин од тогашните грчки власти.

*ОД*

**Славе Николовски - Катин**, македонски книжевник, журналист, посветеник на етничка Македонија и на македонското иселеништво во светот и

**Виктор Бивел,** новинар, издавач, уредник, публицист и соптвеникот на порталот “Политекон“

Pollitecon Publications

*Copyright 2021*

*Source: www.pollitecon.com*